РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-451/5
30-01-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 99-та седница, одржана на 27.01.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот бр. 09-6999/1 од 15.07.2022 година, оформен по пријава од познат подносител против лицето ___________, раководител на одделение за локален и економски развој во Општина ___________, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК констатира дека наводите од пријавата не се потврдуваат, не се утврдени повреди на одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси по што ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставена е пријава од познат подносител по електронска пошта против лицето ___________, раководител на одделение за локален и економски развој во Општина ___________, по што заведен е предмет со бр. 12-1115/1 од 16.02.2022 година во Секторот за спречување на корупцијата. Со службена белешка бр. 09-6999/1 од 15.07.2022 година предметот е префрлен во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање поради сомневање од постоење на наводи за судир на интереси.

Имено, наводите од пријавата се однесуваат на тоа дека лицето __________ во својство на раководител на одделение за локален и економски развој во Општина __________ ја искористил својата службена положба и овозможил фалијарната фирма да добива поволности од општината.

Заради утврдување на фактичката состојба, согласно член 76 став 3 од ЗСКСИ, ДКСК пристапи кон прибирање податоци и информации и после добиена документација го утврди следното:

Наводите од пријавата делумно се потврдуваат, бидејќи лицето ___________ од доставената документација се констатира дека е вработен во општина __________ на работно место раководител на одделение за локален и економски развој, видено и од доставениот Образец Анкетен лист со бр.09-451/4 од 23.05.2023 година.

Од страна на општина __________ Државната комисија е известена дека во последните 5 години оваа општина нема воспоставено никакви деловни односи со фирмите: ________________________________________________________________.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со ваквиот начин на постапување, наведеното лице не ги повредило одредбите на член 51 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите бидејќи при извршување на своето работно место раководител на одделението за локален и економски развој функција, не воспоставил деловни односи со фирмите ________________________________________________________________________________.

Постапувајќи по наведениот предмет, Државната комисија констатира дека не може да се утврди судир на интереси ни па прекршување на предвидените забрани во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, бидејќи наведените фирми во последните 5 години немаат соработка со општина _____________ каде и самото лице е вработено.

Имајќи го во предвид погоре наведеното,ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметот, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК
Изработил: Б.Џ, советник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил:м-р Шемши Салаи,член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk